# ГРУПАЦИЈА ЦЕНТРАЛ АЗИЈА МЕТАЛС

## (ВКЛУЧИТЕЛНО ЦЕНТРАЛ АЗИЈА МЕТАЛС ПЛЦ И СИТЕ НЕЈЗИНИ ПОДРУЖНИЦИ,ОГРАНОЦИ, ЗАЕДНИЧКИ ПРЕДПРИЈАТИЈА И ПОВРЗАНИ БИЗНИСИ )

## ПОЛИТИКА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Central Asia Metals Plc („CAML“) ја признава и прифаќа науката за климатските промени и целосно ја препознава неопходноста да се придвижува кон глобална безјаглеродна економија.Компанијата јасно ја препознава својата улога и одговорност како рударска компанија во однос на производството на основни метали, кои се од суштинско значење за идната безјаглеродна економија, во безбедна и одржлива средина за сите наши засегнати страни. CAML е посветена на намалување на стакленички гасови („GHG“) во своето работење и ќе ја вклучи оваа самостојна политика за климатските промени во Групацијата и ќе ја развие својата стратегија за декарбонизација и оперативна енергетска ефикасност.

**Групацијата CAML ќе настојува :**

- Да ја поддржува глобалната транзиција кон економијата со низок јаглерод преку придонес кон одржливото производство на стоки од суштинско значење за транзицијата на енергијата и мобилноста;
- Да идентификува, разбере и бара да се ублажат физичките и транзиционите ризици и да се осигура дека сме оперативно отпорни;
- Да се Фокусира на нашата стратешка и деловна отпорност со примена на внатрешно образување на цените за јаглерод или образување на цените во сенка за бизнисот на CAML , како и разгледување на климатските промени во активностите за развој на бизнисот;
- Редовно да се прегледуваат опциите во однос на намалувањето на јаглеродниот отпечаток преку зголемување на нашата употреба на обновливи извори на енергија и диверзификација на изворите на енергија;



- Темелно да се  планира и контролира потрошувачката на енергија и идентификуват и имплементират можности за зголемување на енергетската ефикасност во целиот бизнис;
- Да се идентификуваат и имплементираат можности за намалување на емисиите на стакленички гасови во текот на работниот однос и да се постават долгорочни цели;
- Да се воспостават партнерства со надворешни засегнати страни за да се следат можностите за климатските промени, како што се шумарството и иницијативите за намалување на емисијата на јаглерод;
- Онаму каде што е можно,да се соработува со домашните влади и општини во рамки на јурздикциите со кои компанијата работи за да одговори на предизвиците за климатксите промени;
- Секогаш кога е изводливо, да се идентификуваат и имплементираат најдобрите практики и иновации што ќе резултираат со намалени емисии на јаглерод;
- Да се обезбедат јасни и транспарентни известувања поврзани со климата, редовнода се ажурираат нашите засегнати страни во однос на нашиот напредок во намалувањето на емисиите на стакленички гасови и зголемувањето на енергетската ефикасност;
    - Годишно да се известува за емисиите и перформансите од Опсег 1 и Опсег 2 во однос на интензитетот на нашите емисии на стакленички гасови и да се обврзи да се известува за емисиите од Опсегот 3 во среден рок
    - Да се премине на рапортирање до работниот тим околу финансиските известувања поврзани со климата („TCFD“)

Оваа политика е одобрена од Одборот на директори на CAML. Напредокот во однос на иницијативите за климатски промени ќе биде објавен од Комитетот за одржливост, кој ќе го надгледува почитувањето на оваа политика.

**Кому ова се однесува**

Оваа политика е политика на групациско ниво која се однесува на CAML и нејзината група на компании подружници.

